**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 09.10.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Маја Дамевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Ивона Муфишева, м-р Арбен Саити, м-р Александар Џуваревиќ, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 31-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-ри кат.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе се разгледува Предлог-записникот од 30-та седница од 22.09.2023 година кој беше одложен поради технички причини.

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 22.09.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Бр.** 02-3557/4

16.10 **2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**